РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БР. 18-2774/3
26.05.2025
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Ф 8.5/3-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15) решавајќи по барање бр.18-2774/1, 13.05.2025г.од Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство , Адреса: ул.Коста Кирков бр.5/1-9А Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР,** се уважува Барањето наш бр.18-2774/1, 13.05.2025г. од Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство , Адреса: ул.Коста Кирков бр.5/1-9А Скопје.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како **ПРИЛОГ** акт бр.18-2774/2, 26.05.2025г. кон ова решение.

### *О б р а з л о ж е н и е*

Барателот Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, Адреса: ул.Коста Кирков бр.5/1-9А Скопје, по електронска пошта достави барање, наш бр. 18-2774/1, 13.05.2025г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019). Со кое бара да му бидат доставени следните информации:

***СОС линија*** **(чл. 90 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

1. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
2. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
3. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
4. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата СОС линија во 2026 и 2027 година?

***Услуга за советување*** **(чл. 91 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

5. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно*

*насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)

6. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
7. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
8. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2026 и 2027 година?

**Услуга за привремен престој (чл. 92 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

9. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
10. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
11. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
12. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *услугата за привремен престој* во 2026 и 2027 година?

***Бесплатна правна помош*** (чл. 97 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)

13. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
14. Колку средства биле доделени на здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
15. Кои здруженија на граѓани и правни клиники сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за бесплатна правна помош* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
16. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *бесплатна правна помош* во 2026 и 2027 година?

**Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство**

17. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)

18. Колку финансиски средства биле доделени на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
19. Колкав е бројот на жртви на родово базирано и семејно насилство кои биле опфатени со овој тип на помош во 2022, 2023 и 2024? (да се наведат податоците поделени по година, и пол на жртва)
20. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство 2026 и 2027 година?

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-2774/2, 26.05.2025г на Одделението за јавни дејности, Сектор за правни работи, јавни дејности и подршка на градоначалникот кој е прилог на ова Решение.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.18-2774/2**
**26.05.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-2

**ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ**

**До службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВА НА ИНФОРМАЦИИ**
**Врска барање бр. 18-2774/1, 13.05.2025**

Почитувани ,

Согласно Вашето усно барање за испорака на информација од јавен карактер произлезена од работата на надлежноста на Оделението за јавни дејности во општината, согласно доставеното Барање број 18-2774/1, 13.05.2025г. од барателот Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство , Адреса: ул.Коста Кирков бр.5/1-9А Скопје, со кое се бараат 20 различни информации информации од јавен карактер од кои некои и за неколку различни години.

- Информацијата за точка 1,2,3 и 4 од барањетое дека Општина Крива Паланка нема сопствена локална СОС линија за помош на жртви на семејно насилство или родово базирано насилство и нема правено проекција колку средства СОС линија би биле потребни за воспоставување на услугата.
- Информацијата за точките 5,6,7 и 8 е дека општината има социјален план и родово одговорно буџетирање,но сепак од буџетот на општината не се одвојуваат средства за финансирање на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство и нема правено проекција колку средства би биле потребни за воспоставување на услугата. Во моментот оваа услуга за советување ја реализира Центарот за социјална работа во Крива Паланка.
- Информацијата за точките 9,10,11 и 12 е дека и оваа услуга (привремен престој за жртвите на семејно насилство) не се реализира од општината. Според информациите кои ги имаме е дека ваква активност треба да се планира на ниво на североисточниот плански регион.
- Информацијата за точките 13,14,15 и 16 е дека и оваа услуга (бесплатна правна помош за жртвите на семејно насилство) не се реализира како бесплатна правна помош за жртвите на семејно насилство. Општината нема правено проекции за тоа колку средства се потребни и колку би можела да обезбеди

буџетски средства за услугата.

- Информацијата за точките 17,18,19 и 20 е дека и оваа услуга (финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство) не се реализира како финансиска помош за жртвите на семејно насилство, има финансиска подршка на различни групи ранливи категории на граѓани каде припаѓаат и жртвите на родово базирано и семејно насилство. Општината нема правено проекции за тоа колку средства се потребни и колку би можела да обезбеди буџетски средства за услугата.

Почитувани информациите кои ги барате согласно 20-те точки од Барањето, согласно процесот на децентрализација во општината не се целосно децентрализирани, сеуште клучна улога има Центарот за социјални работи како државна институција. Securepoлека превземаме и реализираме одредени надлежности од социјалната свера, бидејќи како помала општина со ограничени буџетски средства, без продолжување на процесот на фискална децентрализација одредени процеси не се можни.

Колку за информација во минатата година на територијата на општината имаме процесуирани само 4 пријави на семејно насилство и согласно бројките се одредуваат приоритетите.

Со почит.

Изготвил:
Елена Христовска
Соработник за социјална, здравствена и детска заштита
Одделение за јавни дејности

**Сектор за правни работи, јавни дејности и подршка на градоначалникот**
**Раководител**
**Даниела Величковска**